Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-281/2

17-05-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-281 од 11.05.2022 година, поднесена од непознат подносител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.05.2022 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-281 од 11.05.2022 година, поднесена од непознат подносител против Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на непознат подносител против Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Претставката со бр. 08-281 не содржеше податоци за подносителот, околности и факти врз кои се темели претставката и потпис на подносителот. Од причина што претставката не содржеше податоци за подносителот, ниту адреса за контакт на подносителот, Комисијата не беше во можност да го задолжи подносителот да ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.05.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk